**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување од професионална одговорност на сметководители

УС-опо-сме
18-8-мк

## член 1: воведни одредби

[1] Договорите за осигурување од професионална одговорност на сметководители се склучуваат согласно важечките Општи услови за осигурување од професионална одговорност и одредбите на овие Посебни услови.

[2] Доколку некои од одредбите на Општите услови за осигурување од професионална одговорност се спротивни на одредбите на овие Услови, ќе се применуваат одредбите утврдени во овие Посебни услови.

## член 2: осигурени опасности

[1] Со осигурувањето е покриена одговорноста на осигуреникот за штети настанати поради стручни грешки при извршување на регистрираната дејност на осигуреникот и лицата вработени кај него.

[2] Осигурувачот гарантира со ист опсег и за чиста имотна штета која против осигуреникот ја побарува трето лице.

## член 3: неосигурени опасности

[1] Покрај исклучувањата кои се предвидени со Општите услови за осигурување од професионална одговорност, осигурувачот не ги покрива оштетните побарувања за штета:

1) на вработени лица кои не се опфатени со осигурувањето;
2) поради неисполнување на рокови доколку за тоа е одговорен клиентот;
3) поради загуба на електронски податоци;
4) која настанала во врска со плаќање на награда и надомест на трошоци;
5) која настанала врз основа на незадолжително советување;
6) која настанала како последица од злоупотреба на доверени информации за странката од страна на осигуреникот и лицата вработени кај него;
7) која ја предизвикало трето лице на кое сметководителот му овозможил да извршува дејност врз основа на својата дозвола за извршување на дејност (давање печат за употреба на трето лице и слично).

## член 4: обврски на осигурувачот

[1] Ако не е поинаку одредено, осигурувачот ја исплаќа заедничката оштета од сите осигурени случаи во една година која изнесува најмногу двојно од договорената осигурена сума.

[2] Во случај на исплата на двојна осигурена сума, осигурителното покритие може да продолжи само ако тоа е посебно договорено. Во тој случај премијата се одредува посебно.

## член 5: право на регрес

[1] Осигурувачот го задржува правото на регрес од осигуреникот во случај кога дополнително ќе се утврди дека штетата е предизвикана со намера, измама или грубо невнимание, а за неа на осигурувачот од страна на осигуреникот не му се презентирани точни и вистинити податоци, односно докази за надомест на штета.